РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Универзитет "Св. Кирил и Методиј"
ПРИРОДНО-МАТЕМАТИЧКИ ФАКУЛТЕТ
бр. 07-159/7
11.04 2008 год.
СКОПЈЕ

Врз основа на член 30 став 1 алинеја 12 согласно член 179 од Статутот на Природно-математичкиот факултет во Скопје и член 75 став 1 алинеја 6 од Законот за високото образование (Сл. весник на РМ бр. 64/2000, 49/2003, 113/2005 и 51/2007), согласно со чл. 169, став 2 и чл. 175 од Законот за високото образование ("Сл. весник на РМ" бр. 35/2008), Наставно-научниот совет, го разгледа Рефератот објавен во Билтенот на Универзитетот "Св. Кирил и Методиј" во Скопје, бр. 937 од 29.02.2008 година и по предлог на Институтот за информатика при Факултетот, бр. 07-159/6 од 17.03.2008 год., врз основа на конкурсот објавен во весникот "Дневник" и "Факти" од 19.01.2008 год., на седницата одржана на 27.03.2008 год., ја донесе следната

# ОДЛУКА

за повторен избор на еден наставник од областа на информатиката, на Институтот за информатика при ПМФ - Скопје

1. Д-р Марјан Гушев, повторно се избира за наставник од областа на информатиката, на Институтот за информатика при Факултетот, во звање редовен професор.
2. Составен дел на оваа одлука е Извештајот на Рецензентската комисија, објавен во Билтенот на Универзитетот "Св. Кирил и Методиј" во Скопје, бр. 937 од 29.02.2008 год.
3. Одлуката стапува во сила со денот на нејзиното донесување.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Наставно-научниот совет, постапувајќи по предлогот од Институтот за информатика при Факултетот, бр. 07-159/6 од 17.03.2008 год., согласно Извештајот на Рецензентската комисија, објавен во Билтенот на Универзитетот "Св. Кирил и Методиј" во Скопје, бр. 937 од 29.02.2008 год., на седницата одржана на 27.03.2008 година, донесе одлука како во диспозитивот.

ДОСТАВЕНО ДО:
- Архивата;
- Ректоратот на Универзитетот "Св. Кирил и Методиј" - Скопје;
- Деканската управа;
- Именуваниот наставник;
- Институтот за информатика;
- Секретарот на Факултетот;
- Референтот за персонални прашања;
- Сметководството;
- Благајната и
- Раководителот на општата служба.

ДЕКАН,

Проф. д-р Јорданка Митевска